1/10

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

Бр. 08-2611/3

Скопје, 22-10-2024 година

ДО
ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА
Ул. „Антоние Грубишиќ" број 2/2

С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ: известување

До Министерството за правда преку Владата на Република Северна Македонија на мислење доставивте Предлог – иницијатива со наслов „Донесување на нов Кривичен законик кој ќе одговори на потребите во борбата против корупција.

Министерството за правда со внимание ја разгледа доставената предлог – иницијатива во рамки на Секторот за правосудство и согласно своите законски надлежности предвидени во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 121/24 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19,110/19, 154/19 и 121/24), Ве известува дека во новиот Предлог - Кривичен законик што е изготвен и ќе биде доставен на мислење до Европската унија се содржани одредби со кои се интервенира, меѓу другото и во кривичните дела 353 - Злоупотреба на службена должност и овластување, 353-в - Несовесно работење во службата и 394 - Злосторничко здружување. Со овие измени кои се планирани да се донесат до крајот на 2025 година согласно Развојната секторска стратегија за правосудството, ќе се надминат проблемите што беа предизвикани со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик во септември 2023 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

Воедно, Ве известуваме дека Министерството за правда по однос на доставената Предлг - иницијатива до Владата на Република Северна Македонија достави известување со позитивно мислење.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Подготвил: Николина Микеска Костадиновска, раководител на сектор
Одобрил: Никола Прокопенко, државен советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification